florozon
center for environmental democracy



# ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Sweden
Sverige

Rule of Law and
Human Rights
Global Programme

# ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА ВО КУРИКУЛУМИТЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА

Скопје, 2024

ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА ВО КУРИКУЛУМИТЕ
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА

**Автори:**
проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска
проф. д-р Љупчо Стојковски

**Ко-автор:**
Кирил Ристовски

**Лектура:**
Гордана Ацеска

**Изавач:**
Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија

**Тираж:** 120 примероци

**Печат:** График Мак Принт

Оваа публикација е произведена во рамки на прокетот „Интеграција на еколошката правда во високото образование“ кој се имплементира со помош на проектот „Унапредување на еколошката правда во Северна Македонија“ кој а поддржан од Шведска преку Глобалната програма на UNDP за зајакнување на владеењето на правото, човековите права, правдата и безбедноста за одржлив мир и развој. Содржината на оваа публикација е исклучива одговорност на здружението на граѓани ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија.

## Содржина

Предговор ....................................................................................5
1. Вовед ....................................................................................7
2. Што е еколошка правда? ....................................................................................9
3. Значењето на високото образование во развојот на еколошката свест ....................................................................................10
4. Значење на еколошкото право ....................................................................................14
5. Методологија на истражувањето ....................................................................................17
6. Компаративна анализа ....................................................................................18
6.1. Албанија ....................................................................................18
6.3. Словенија ....................................................................................22
6.4. Србија ....................................................................................24
6.5. Хрватска ....................................................................................26
6.6. Црна Гора ....................................................................................28
7. Заклучоци и препораки ....................................................................................29
8. Користена литература ....................................................................................31



## *Предговор*

Заштитата на животната средина претставува еден од најголемите предизвици на денешницата, и воедно е императив за секое модерно општество. Во овој контекст, улогата на високото образование и правниот систем е клучна за адресирање на еколошките прашања, развојот на политиките и унапредувањето на знаењето во доменот на еколошката правда.

Овој документ претставува компаративна студија за интеграцијата на еколошкото право и еколошката правда во курикулумите на високото образование во земјите од регионот. Преку анализа на праксите во Албанија, Северна Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора, трудот има за цел да ги идентификува добрите практики и да предложи решенија за интегрирање на еколошкото право во универзитетските програми во Република Северна Македонија.

Иницијативата за интеграција на еколошкото право во високото образование ја нагласува потребата за создавање на нова генерација правници, политиколози и носители на одлуки кои ќе бидат соодветно обучени за справување со еколошките предизвици и кои ќе ја поддржат транзицијата кон одржлив развој. Во таа насока, студијата не само што се занимава со правната и институционалната рамка, туку и ја поддржува важноста на практичната настава, правните клиники и меѓународната соработка за ефикасна примена на еколошката правда.

Се надеваме дека оваа студија ќе поттикне натамошни истражувања, реформи во високото образование и поширока јавна дискусија за важноста на еколошката правда како составен дел од општественото и правното функционирање.

Кирил Ристовски,
ФЛОРОЗОН - Центар за еколошка демократија



## 1. Вовед

Веројатно не е претерано да се тврди дека прашањата поврзани со животната средина стануваат најбитни прашања на нашата генерација и на генерациите што доаѓаат.

Живееме во деценија во која нашето однесување кон климатските промени е побитно од кога било доколку сакаме да ја заштитиме Земјата, а со тоа и човештвото, од потенцијално неповратни промени што би довеле до катастрофални последици за луѓето, екосистемите, териториите, економиите, меѓународниот мир и поредок, како што се зголемени суши, зачестени поплави и масовни дождови, зголемена дефорестација, недостиг од ресурси неопходни за живот, зголемување на „климатски мигранти“ и сл. Но досегашните преземени активности не се на потребното ниво. Во последниот извештај на Интервладиниот панел за климатски промени е истакнато дека ако меѓународната заедница продолжи со ова однесување во поглед на (недоволното преземање) мерки против глобалното затоплување и климатските промени, лимитот од 1,5 °С над преиндистриските температури ќе биде надминат до крајот на 21 век, а границата од 2 °С ќе биде тешко остварлива.[1]

Но животната средина не ја сочинуваат само глобалното затоплување и климатските промени. Таа е широка област што ги опфаќа атмосферата и озонската обвивка, квалитетот на воздух, водата и морските површини, природните ресурси и нивното искористување, природата и биодиверзитетот, управувањето со ризични (и токсични) супстанции и активности, обновливите извори на енергија, отпадот итн.

Република Северна Македонија се соочува со значајни предизвици во областа на заштитата на животната средина. Последиците од климатските промени се особено видливи кај позачестените суши, но и поплави во разни делови од државата. Исто така, еден од најдолготрајните, но и најалармантни проблеми е проблемот со загадувањето на воздухот во урбаните и во индустријализираните области. Овие проблеми најмногу ги оптоваруваат најранливите категории во општеството, како што се децата, постарите лица и лицата со хронични заболувања, како и посиромашните домаќинства.

1 Извештајот на Интервладиниот панел за климатски промени 2023, достапен на: https://www.ipcc.ch/report/ar6/syr/downloads/report/IPCC_AR6_SYR_SPM.pdf, стр.10.

Животната средина зазема значајно место во македонскиот правен систем. Заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата претставуваат темелна вредност на македонскиот уставен поредок, а секоја индивидуа во државата има право на здрава животна средина и должност да ја штити и да ја унапредува, додека, пак, државата треба да обезбеди услови за остварување на ова право на граѓаните.[2] Државата има усвоено голем број закони во оваа сфера, а е и страна на многубројни меѓународни договори.[3]

Еден од особено значајните предизвици за државата во областа на заштитата на животната средина е процесот на имплементација на нејзиното законодавство што е усвоено во оваа област. Препознавањето и целосното усвојување на меѓународните и европските правила и стандарди за заштита на животната средина е исто така на ниско ниво и е потребна подобра меѓуинституционална координација и соработка во остварувањето на основните цели во областа. Една од причините што ги засилува овие предизвици со кои се соочува нашата држава е недоволната развиеност на еколошкото право како посебна правна гранка во државата, но и недостигот од негова интеграција во курикулумите на правните факултети, но и на факултетите за политички науки од каде што произлегуваат идните креатори на политики. Неможноста идните правници и политиколози да изучуваат еколошко право во текот на своите студии придонесува за ограничувањата што ги има целокупниот општествен и правен систем во процесот на спроведување на еколошката правда.

Анализата што следува има цел да прикаже на каков начин еколошкото право е интегрирано во курикулумите на правните факултети, факултетите за политички и општествени науки во регионот, преку идентификување успешни практики и иновативни пристапи. Оваа анализа треба да даде придонес за процесот што ќе води кон засилена интеграција на еколошкото право во курикулумите на универзитетите во државата и да промовира поширока свест кај јавноста за концептот на еколошка правда.

2 Устав на РМ, чл. 8, чл. 43.

3 Националните прописи и меѓународните документи што ги има ратификувано државата, може да се најдат на: https://www.moepp.gov.mk/regulativa.

## 2. Што е еколошка правда?

Според Организацијата на обединетите нации (ООН), светот се соочува со тројна планетарна криза – климатската криза, кризата на биодиверзитетот и губењето на разновидните екосистеми, како и кризата поврзана со зголеменото загадување.

Во ваква сериозна кризна ситуација на животната средина, најранливите и маргинализираните индивидуи и заедници се соочуваат со зголемена неправда. Современата планетарна криза е нераскинливо поврзана со потребата од дополнителна заштита на основните човекови права и обезбедување одржлив развој. Оттука тргнува и современото движење за еколошка правда. Концептот на еколошка правда се однесува на сите луѓе и на сите заедници во светот, како и на нивното право на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина. Движењето за еколошка правда е тесно поврзано со барањата за праведна распределба на ресурсите и барањата за елиминација на т.н. „еколошки расизам". За да може државите подобро да одговорат на предизвиците од современата еколошка криза, УНДП ја разви Глобалната стратегија за еколошка правда[4], која цели кон зголемување на одговорноста и на заштитата на правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина за сегашните и за идните генерации. Исто така, оваа стратегија има цел промовирање на еколошкото владеење на правото.

Бидејќи секое човечко битие има право на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина, а постоењето и уживањето на ова право е нераскинливо поврзано со цела низа на човекови права, меѓу кои е и основното право на живот, заштитата на животната средина станува неизбежен составен дел од уставите на државите во светот и потребата од развој на еколошкото право сè позасилено се наметнува.

4 Повеќе информации за Глобалната стратегија за еколошка правда се достапни на: https://www.undp.org/rolhr/human-rights/environmental-justice.

## 3. Значењето на високото образование во развојот на еколошката свест

Образованието има клучна општествена улога во обликувањето на вредносните ставови, националните политики и правните решенија во државите во врска со прашањата поврзани со животната средина.

Поконкретно, преку образованието студентите (и наставниот кадар) се здобиваат со знаења и вештини за подобро разбирање на проблемите и на можните решенија за еколошките прашања; со стратегии и капацитети за подобро справување со последиците од климатските промени, како и други промени што се резултат на промените на животната средина; со развивање „зелени вештини", односно начини на живеење што се одржливи и ја имаат предвид заштитата на животната средина и природните ресурси; со можност (особено студентите, односно идните генерации) да ги изразат своите размисли, грижи и барања, а (со тоа) да учествуваат во поширокиот домашен (на локално и на национално ниво) и меѓународен процес на одлучување за прашања во врска со климатските промени и животната средина.[5] Затоа, еден од најчестите предлози на научната фела, покрај усвојувањето и имплементирањето соодветни политики и правна регулатива за заштита на животната средина, е реформа на образовните курикулуми и вклучување на образовната програма за прашања поврзани со климатските промени и животната средина генерално, со цел подигнување на свесноста за проблемите, како и за преземање соодветна акции. Ова особено ако се имаат предвид некои од истражувањата на УНЕСКО – специјализираната агенција на ОН за образование – според кои, дури 70 % од денешните млади луѓе од 166 држави од светот на возраст меѓу 11 – 19 години не знаат што се климатски промени или не можат да ги објаснат нејзините главни принципи,[6] само 63 % од 80 држави што биле дел од истражувањето имаат планови за обука на наставници што вклучуваат фокус на климатски промени", а само 38 % од нив имаат „национално законодавство, политика или стратегија конкретно фокусирана на образование за климатските промени."[7]

5 UNICEF Programme Brief: Harnessing the Transformative Potential of Education for Climate Change Mitigation, Adaptation and Resilience Building in Europe and Central Asia https://www.unicef.org/eca/media/32381/file/Education%20for%20climate%20change%20mitigation.pdf, стр. 4.

6 UNESCO, Youth demands for quality climate change education, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000383615.

7 UNESCO, Climate change communication and education, https://education-profiles.org/themes/~climate-change-communication-and-education.

Важноста на образованието за прашања од животната средина е истакната и во некои од најзначајните меѓународни инструменти во оваа област. Член 6 од Рамковната конвенција за климатски промени од 1992 година, насловен „Образование, обука и јавна свест“, ги повикува меѓународните актери да преземат акција и меѓусебно да соработуваат во создавањето образование и обуки за климатските промени.[8] Понатаму, член 12 од Парискиот договор за климатски промени посочува на обврската на страните на договорот да соработуваат, *inter alia,* за да го „засилат образованието за климатски промени“, препознавајќи ја неговата важност во однос на преземањето климатска акција.[9] Агендата 2030 за одржлив развој, која ОН ја усвоија во 2015 година и во која се содржат 17-те цели за одржлив развој што треба да ги постигнат државите до 2030 година, посветува цела една цел (цел број 4) за важноста на образованието. Поконкретно и поврзано со животната средина, потцелта 4.7. се фокусира на обезбедување „знаење и вештини неопходни за промовирање одржлив развој, вклучително, меѓу другото, преку образование за одржлив развој и одржливи животни стилови,...“, додека потцелта 13.3. повикува на подобрување на образованието во врска со климатските промени.[10] Конечно, по декадата на ОН за образование за одржлив развој (од 2005 до 2014 година),[11] а врз основа на Агендата 2030 и целта број 4, УНЕСКО во 2015 година ја усвои Глобалната образовна агенда 2030, а Генералното собрание ја усвои Резолуцијата за образование за одржлив развој,[12] врз основа на кои се донесоа голем број последователни поединечни документи.[13]

---

8 Рамковната Конвенција на ООН за климатски промени, достапна на: https://unfccc.int/files/essential_background/background_publications_htmlpdf/application/pdf/conveng.pdf.

9 Парискиот договор за климатски промени, достапен на: https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf.

10 Резолуцијата на Генералното Собрание 70/1, од 25.09.2015, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n15/291/89/pdf/n1529189.pdf.

11 Резолуцијата на Генералното Собрание 70/209, од 22.12.2015, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n15/450/84/pdf/n1545084.pdf.

12 Резолуцијата на Генералното Собрание 72/222, од 20.12.2017, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n17/466/61/pdf/n1746661.pdf.

13 На пример, Резолуцијата на Генералното Собрание 74/223 https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n19/436/40/pdf/n1943640.pdf; Рамката за имплементација на образованието за одржлив развој после 2019-та https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000370215.locale=en и Планот за образованието за одржлив развој https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000374802.locale=en или Берлинската Декларација за образование за одржлив развој https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000381228.

И на регионално европско ниво, улогата на образованието и поврзаноста со животната средина и еколошките прашања се јасно потенцирани. Европската Унија во своите документи и политики упатува на „зелено образование“[14] – како, на пример, во Препораката на Советот од 2022 година за учење за зелена транзиција и одржлив развој, каде што ги поддржува државите членки за вклучување на одржливоста во образованието[15] или, пак, Европската рамка за одржливи способности, која упатува на знаењата, вештините и вредносните ставови што треба да ги стекнат примателите на образование во врска со зелената транзиција[16]. Слично, и Советот на Европа во некои од своите иницијативи за подобро почитување на човековите права, демократијата и владеењето на правото, како и нивната поврзаност со животната средина и одржливиот развој, посочува на важноста на образованието во овој процес.[17]

Што се однесува поконкретно до образованието на универзитетско ниво, во Водичот за зелен курикулум: Предавање и учење за климатска акција од 2024 година, УНЕСКО препорачува наставните програми да целат кон тоа студентите да ја разберат ургентноста на климатската криза, да знаат како да пристапат и да интерпретираат прецизни научни извори за климатски промени, да ги разберат клучните климатски концепти, како и стратегии за превенција, мерки за намалување на глобалното затоплување и мерки за адаптација на климатската криза. Дополнително, курикулумите треба да имаат холистички пристап кон климатската криза, вклучувајќи и аспекти поврзани со климатска/еколошка правда, и да целат кон тоа студентите да „развијат продлабочено разбирање за тоа како климатските промени ги засилуваат постојните нееднаквости и неправди и да ја препознаат улогата на политиките, социјалните институции и економските системи во перпетуирање или ослабување на овие неправди“, како и да ги „критикуваат економските системи и политичките структури што придонесуваат за климатска криза, да ги имаат предвид алтернативните економски модели и да рефлектираат на технолошките и финансиските

14 Иницијативи за зелено образование, достапни на: https://education.ec.europa.eu/focus-topics/green-education/about-green-education.

15 Council Recommendation of 16 June 2022 on learning for the green transition and sustainable development 2022/C 243/01, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32022H0627%2801%29.

16 Европската рамка за одржливи способности достапна на: https://education.ec.europa.eu/focus-topics/green-education/learning-for-the-green-transition.

17 Reference Framework of Competences for Democratic Culture, initiative for education for sustainable development, https://www.coe.int/en/web/reference-framework-of-competences-for-democratic-culture/education-for-sustainable-development.

иновации за постјагле(род)на транзиција“.[18] Со други зборови, академската заедница се труди да ги доближи прашањата за заштита на животната средина и климатските промени до студентите, да го зголеми нивното разбирање за проблемите со кои се соочуваме и да ги подготви за справување со нивните причини и последици. Преку зголемување на писменоста за заштита на животната средина, за еколошко право и еколошка правда, постои можност од зголемување на информативни иницијативи за креирање политики.



18 UNESCO, Greening Curriculum Guidance, Teaching and Learning for Climate Action, https://unesdoc.unesco.org/in/documentViewer.xhtml?v=2.1.196&id=p::usmarcdef_0000390022&file=/in/rest/annotationSVC/DownloadWatermarkedAttachment/attach_import_2ca23986-f7dd-45a2-baec-0ee12dcf472c%3F_%3D390022eng.pdf&locale=en&multi=true&ark=/ark:/48223/pf0000390022/PDF/390022eng.pdf#722_24_ED_EN_int3.indd%3A.84823%3A1806, стр.48.

## 4. Значење на еколошкото право

Еколошкото право е релативно нова и недоволно развиена посебна гранка на правото што се занимава со еколошките проблеми и со нивното регулирање.

Денес голем број држави во светот го препознаваат правото на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина и се трудат да го регулираат преку домашното законодавство. Низ историјата, еколошкото право се развивало од дното нагоре, почесто отколку што било случај државата да наметне правила. Ова, всушност, значи дека луѓето што биле на некој начин засегнати од еколошките прашања – било позитивни или негативни, ги адресирале овие прашања до законодавните власти, привлекувајќи го нивниот интерес. Едни од најраните примери се актите на Американскиот конгрес, со кои во 1872 година се вршело заштита на природниот предел околу реката Јелоустон, со што бил основан првиот национален парк во светот под влијание на пишувањата на активистите за заштита на животната средина, особено на Џорџ Перкинс Марш во неговата книга „Човекот и природата" од 1864 година.

Еколошкото право се развива бавно низ годините и низ различните делови од светот. Во 60-тите и 70-тите години на минатиот век почнува да се етаблира како посебна гранка на правото, особено во развиените држави, почнувајќи од САД. Големо влијание врз овој процес на етаблирање на еколошкото право во САД повторно имаат активистите за заштита на животната средина, особено книгата на Рејчел Карсон – „Тивката пролет", издадена во САД во 1962 година. Оваа книга посвети големо внимание на прашањата за засилена употреба на пестицидите и нивното влијание врз зголемувањето на нивоата на загадување, со што Рејчел Карсон се смета за една од иницијаторите на современото движење за заштита на животната средина.

Еколошкото право покрива исклучително обемна материја, затоа што се однесува и на локалните и на националните, а особено на меѓународните прописи и правила поврзани со заштитата на животната средина. Развојот на еколошкото право е комплексен процес, затоа што во границите на лимитираното знаење за животната средина треба да се регулираат многубројни социополитички конфликти што инволвираат голем број заинтересирани страни во општеството – и национални и меѓународни. Еколошкото право е основа што треба да понуди редефинирање на концептот на владеење на правото и обмислување на концептот за еколошка правда.

На линија на значењето што го играат високото образование и еколошкото право во врска со животната средина, препознавајќи ја „критичната улога што ја имаат правниците/адвокатите во реализирањето на еколошката димензија на одржливиот развој", но и фактот дека засега „постеле многу малку обиди насочени кон развивање на нивното знаење и способности за ефективно водење постапка и овозможување советодавни услуги поврзани со заштита на животната средина", УНЕП – глобалниот водечки авторитет за животна средина на Обединетите нации – и Меѓународната асоцијација на адвокати (International Bar Association) во 2019 година го изработија Рамковниот модел на курикулум за континуирано правно образование во врска со еколошкото право.[19] Курикулумот има цел да ги обучи правниците/адвокатите за еколошки прашања за да можат да го применуваат правото поврзано со животната средина што поефективно и посеопфатно. Куримулумот опфаќа шест модули, кои според УНЕП и Меѓународната асоцијација на адвокати, го сочинуваат образованието и вештините што треба да ги имаат правниците/адвокатите во врска со еколошките прашања, и тоа:

1. општ преглед на правото за животна средина, вклучувајќи ги домашните и меѓународните извори на правото и главните правни принципи во оваа материја, како и институциите задолжени за спроведување на правото;

2. познавање на регулативите, законите и договорите што се однесуваат на заштитата и експлоатацијата на природните ресурси, вклучително и на процесите на преговарање и изготвување вакви договори;

3. познавање на правото поврзано со пристап до информации за животната средина, пристап до правда (вклучително и преку тужби во јавен интерес и алтернативни механизми за решавање спорови), учество на јавноста во донесување одлуки поврзани со животната средина, како и можноста за уставни и административни ревизии на правните прописи;

4. знаење на административни, граѓански и кривични начини на спроведување на обврските што произлегуваат од правото за животна средина;

5. способност за делење правни совети за еколошки прашања на корпорациите што дејствуваат во таа сфера, и за таа цел

19 UNEP, Framework Model Curriculum on Continuing Legal Education In Environmental Law, https://wedocs.unep.org/bitstream/handle/20.500.11822/30989/EnvLaw.pdf?sequence=1&isAllowed=y.

запознаеност со процедуралните и материјалните правни аспекти од конкретната сфера на дејствување на корпорацијата, но и пошироките етички прашања и социјални последици од нивното дејствување;

6. техничка обука за клучните прашања од физика, хемија, биологија и геологија, како и знаења за економија и енергетски политики.[20]

Сето ова укажува на тоа дека образованието, а особено правното образование, е исклучително значајно за прашања поврзани со животната средина. Оттука, се наметнува потребата да се испита колку е интегрирано образованието за животната средина и еколошкото право и правда на правните факултети во Република Северна Македонија и како државата фигурира споредено со државите во регионот.



20 Ibid.

## 5. Методологија на истражувањето

Оваа компаративната студија нуди анализа на интеграцијата на еколошкото право и еколошката правда во високото образование на државите од регионот.

Анализата се фокусира на шест држави: Албанија, Северна Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора. Изборот на државите е направен поради регионалната блискост, заедничкиот соживот на пет од државите во поранешната југословенска федерација и можноста да понудат добри практики што може да бидат применети во високото образование во Република Северна Македонија. Истражувањето опфаќа две држави членки на Европската Унија – Словенија и Хрватска, заради потребата од увид во потенцијално иновативните практики при интеграција на еколошкото право и еколошката правда во курикулумите на високото образование. Понатаму, опфаќа две држави кандидатки за членство – Србија и Црна Гора, кои се понапредни во преговорите со Унијата, и две држави кандидатки за членство – Северна Македонија и Албанија, кои се на исто ниво на напредок на својот пат кон членство во Европската Унија – во јули 2020 година беше презентирана нацрт-преговарачката рамка, а во јули 2022 година прелиминарно се отворија преговорите и започна скрининг-процесот за пристапување во Европската Унија. Компаративната анализа ги опфаќа само државните универзитети во избраните држави и нивните практики, поради тоа што интенцијата на истражувањето е да предложи решенија за државните универзитети во Република Северна Македонија, од каде што понатаму можат да бидат преземени во приватните високообразовни институции.

Истражувањето е направено преку анализа на курикулумите на правните факултети, факултетите за политички науки и факултетите за општествени науки во избраните држави, пристапот кон еколошкото право и еколошката правда и нивното инкорпорирање во курикулумот, како и анализа на структурата на предметите и понудената литература.

## 6. Компаративна анализа



### 6.1. Албанија

На Правниот факултет при Универзитетот во Тирана, на интегрираните студии има изборен предмет Еколошко право, кој носи 4 ЕКТС-кредити, во рамките на првата изборна листа на предмети (од вкупно 18 предмети на таа листа), кои студентите може да го изберат и да го изучуваат во втората учебна година, четврт семестар. Исто така, во последна петта година од студиите, во десеттиот семестар, студентите имаат можност да го изберат и предметот Еколошка казнено-правна заштита од третата изборна листа на предмети (вкупно 18 предмети), а кој носи исто така 4 ЕКТС-кредити. На вториот циклус студии, на професионалните мастер студии по казнено право (двегодишни студии), исто така го има предметот Еколошка казнено-правна заштита, но овде предметот е задолжителен и носи 6 ЕКТС-кредити, а се изучува во третиот семестар. Понатаму, на мастер студиите по криминологија (двегодишни студии), се изучува предметот Зелена криминологија, како изборен предмет од втората изборна листа на



предмети. Овој предмет има цел да ги адресира прашањата поврзани со превенирањето на криминалот околу животната средина во Албанија, анализирајќи домашни кривичноправни прописи и судски случаи на кривична одговорност за дела со кои се повредува животната средина. На другите научни и професионални мастер програми од Правниот факултет на Универзитетот во Тирана, нема предмети поврзани со животната средина. Такви предмети нема ни на Факултетот за општествени науки при овој Универзитет, во чии рамки влегуваат и студиите по политички науки.

На Правниот факултет при Универзитетот „Луиѓ Гуракуќи“, на интегрираните петгодишни студии се изучуваат предметите: Еколошко право и Еколошко кривично право, кои се изборни предмети (студентот може да избере еден од понудените дванаесет предмети) во трета година, шести семестар, и кои носат по 6 ЕКТС-кредити. Во четврта година, пак, во осмиот семестар, има предмет Меѓународно право за животна средина, кој исто така носи 6 ЕКТС-кредити.

На Правниот факултет при Универзитетот „Александар Моисиу“ во Драч, на интегрираните петгодишни студии нема предмет поврзан со еколошки прашања. Таков предмет нема ниту на двегодишните научни мастер студии по Меѓународно јавно право, Меѓународни односи и дипломатија и Политика и администрација.



## 6.2. Северна Македонија



Во Република Северна Македонија има пет правни факултети на петте државни универзитети. На Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, нема предмет во рамките на правните студии што ги изучува еколошкото право и еколошката правда на првиот циклус на (тригодишни) студии. Во вториот циклус студии по Административно право и јавна администрација (едногодишни студии), има изборен предмет Еколошко право, кој носи 6 ЕКТС-кредити, и тој може да се изучува во првиот семестар. Ист таков изборен предмет што исто така носи 6 ЕКТС-кредити има и на двегодишните мастер студии по Административно право и јавна администрација. На вториот циклус студии по Меѓународно јавно право, Меѓународно приватно право, Меѓународни односи и Право на Европската Унија, постои задолжителен предмет во рамките на изборната насока Право на Европска Унија со наслов - Право на Европската Унија за заштита на животната средина, кој носи 7,5 ЕКТС и се слуша во осми семестар од студиите. Ист таков предмет има и на едногодишниот мастер по Меѓународно јавно право, Право на Европска Унија и дипломатија, кој е изборен предмет во вториот семестар и носи 6 ЕКТС. Предмет поврзан со животната средина нема на студиите по политички науки во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

На Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на Правниот факултет во Кичево, на прв циклус студии се изучува предметот Еколошко право. Станува збор за четиригодишни студии, а предметот е задолжителен и се изучува во третиот семестар (втората година) од студиите. Предметот носи 6 ЕКТС-кредити, а во него се разработува домашното и меѓународното законодавство (меѓународни конвенции на кои е потписник Република Северна Македонија, како и европските прописи). Испитната литература е книга од домашен автор, а оценката се формира од тестови (80 %), семинарска работа (10 %) и активност на час (10 %). На едногодишниот втор циклус правни студии нема предмети поврзани со животната средина. Нема такви предмети ниту на студиите по политички науки и дипломатија.

На Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во рамките на првиот циклус студии (четиригодишни студии), постои изборен предмет Еколошко право. Предметот се изучува во третиот семестар, значи во втората студиска година, носи 4 ЕКТС-кредити и е еден од двата понудени предмета што може да го изберат студентите за тој семестар (од изборната листа бр. 3). На веб-страницата не се ставени повеќе детали околу овој предмет. Дополнително, освен четиригодишните правни студии, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, од првиот циклус студии има и тригодишна студиска програма: International Law and International Relations (Меѓународно право и меѓународни односи), во чии рамки се изучува задолжителниот предмет International Environmental Law (Меѓународно еколошко право), во петтиот семестар, односно во последната трета година од студиите и носи 6 ЕКТС-кредити. Конечно, во рамките на вториот циклус студии (едногодишни студии), на насоката - Меѓународно и европско право, се изучуваат предметите Меѓународно еколошко право и Политики на одржлив развој. Двата предмета носат по 6 ЕКТС-кредити и се изборни предмети, во последниот втор семестар. Студентите можат да одберат два предмета од понудените десет на листата на изборни предмети за оваа студиска програма. На другите студиски програми од втор циклус нема предмети поврзани со животната средина.

На Правниот факултет при Универзитетот во Тетово, на првиот циклус од четиригодишните студии се изучува предметот Еколошко право, како изборен предмет во трет семестар, втора година, и носи 3 ЕКТС-кредити. На првиот циклус од студиската програма по криминалистички студии на Правниот факултет постои предмет Еколошки криминалитет, кој носи 3 ЕКТС-кредити, но е задолжителен предмет во осми семестар, односно во четврта година. На политичките студии во рамките на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово нема предмети од сферата на животната средина.

На Правниот факултет при Универзитетот „Мајка Тереза“ нема предмет Еколошко право на додипломски и мастер студии, ниту, пак, други предмети што разработуваат проблематика поврзана со заштитата на животната средина. Нема такви предмети ниту на студиите по политички науки што се дел од Правниот факултет.

## 6.3. Словенија



Република Словенија има два правни факултета лоцирани на државните универзитети во Љубљана и Марибор, а во рамките на Универзитетот во Љубљана функционира и Факултетот за општествени науки. За потребите на оваа анализа беа проучени курикулумите на сите наведени државни факултети.

Правниот факултет на Универзитетот во Љубљана има задолжителен предмет во седмиот семестар на студиите со наслов – Право на заштита на животната средина. Студентите го слушаат овој предмет во зимскиот семестар, при што се предвидени 60 часа предавања, семинари и консултации, со што предметот носи 4 ЕКТС-кредити. Предметот нуди широк поглед на односот на човекот кон животната средина, го разработува националното еколошко право по области заедно со европското и меѓународното еколошко право. Ваквата структура на предметот им дава на студентите можност да се запознаат со повеќе значајни аспекти на заштитата на животната средина. Литературата опфаќа неколку домашни наслови во областа на еколошкото право што се издадени во Република Словенија во периодот од последните дваесет години, како и релевантна странска литература од областа.



На сличен начин и на Правниот факултет во Марибор е структуриран предметот Право на заштита на животната средина, кој студентите го слушаат на додипломските студии. Предметот им носи 6 ЕКТС-кредити и е поставен на широка основа што треба да им даде увид во еколошкото право, основните еколошки принципи, развојот на екоцентричната етика и филозофија, како и познавања во областа на домашното, европското и меѓународното законодавство за заштита на животната средина. Испитната литература опфаќа голем број домашни наслови од областа на еколошкото право што се издадени во Република Словенија во периодот од последните петнаесет години.

Факултетот за општествени науки во рамките на Универзитетот во Љубљана има развиено додипломски студии по меѓународни односи, кои на студентите им нудат увид и во Меѓународното право за заштита на животната средина. Овој предмет студентите може да го избираат во вториот семестар на студии и им носи 6 ЕКТС-кредити, што вклучува 60 часа настава и вежби. Предметот Меѓународно право за заштита на животната средина има цел да ги запознае студентите со меѓународно-правната рамка за заштита на животната средина, како и со предизвиците и потенцијалните решенија за идна заштита на животната средина низ меѓународна акција. Преку практична работа во рамките на овој предмет, студентите се вклучени во дефинирање и спроведување на еколошките политики преку студии на случај, но и преку реални ситуации на локално и на национално ниво.



## 6.4. Србија



Република Србија има четири правни факултети лоцирани на државните универзитети во Белград, Нови Сад, Ниш и Крагуевац. Во рамките на Универзитетот во Белград функционира и Факултетот за политички студии. За потребите на оваа анализа беа проучени курикулумите на сите наведени државни факултети, и она што може да се заклучи е дека во рамките на курикулумите на правните факултети во Нови Сад, Ниш и Крагуевац не постои посебен предмет Еколошко право.

Правниот факултет во Белград има изработено студиска програма што го опфаќа и предметот Еколошко право во рамките на третата година од додипломските правни студии. Предметот Еколошко право спаѓа во категоријата изборни предмети и студентите може да го избираат во шестиот семестар од студиите. Предвидени се два часа предавања неделно за овој предмет, којшто на студентите им носи 2 ЕКТС-кредити. Исто така, на мастер студиите е предвиден подмодул со назив Еколошко право, во рамките на модулот Јавно право. Еколошко-правниот подмодул на Правниот факултет во Белград опфаќа четири предмети што детално се занимаваат со материјата, од кои предметот Еколошко право е задолжителен предмет, додека другите три предмети: Еколошко право и еколошка политика на Европската Унија, Пристап до еколошка правда и Одговорност за еколошка штета во контекст на меѓународните правила за заштита на животната средина се изборни предмети за студентите на овој подмодул.

Предметот Еколошко право има цел да им овозможи продлабочено знаење на студентите за настанокот и развојот на еколошкото право, изучување на неговите основни принципи, како и изучување на меѓународните и европските правила што ги регулираат прашањата поврзани со заштитата на животната средина. Покрај основните начела на правото за заштита на животната средина, предметот дава преглед на изворите на еколошкото право во Република Србија, преглед на граѓанско-правната заштита на животната средина; преглед на еколошките деликти и на прекршочните санкции; преглед на еколошките кривични дела, меѓународно-правната рамка за заштита на животната средина, со посебен осврт на меѓународните правила за заштита на биодиверзитетот и справувањето со климатските промени. Литературата опфаќа

неколку домашни наслови од областа на еколошкото право што се издадени во Република Србија во периодот од последните петнаесет години, како и релевантна странска литература од оваа област.

Исто така, во рамките на Правниот факултет во Белград функционира Клиниката за еколошко право што започнала со работа во октомври 2015 година, кога Правниот факултет остварува соработка со мисијата на ОБСЕ во Србија. Во рамките на клиниката студентите добиваат интензивна интерактивна обука од областа на еколошкото право, како и можност да решаваат хипотетички случаи заедно со судии, обвинители и адвокати. Преку работата на клиниката, студентите имаат можност за соработка со државните институции, како и да дадат придонес во општествените процеси и да учествуваат во изготвувањето на законите и на подзаконските акти.

Факултетот за политички науки во Белград, исто така, е значајно вклучен во процесот на образование на своите студенти во сферата на заштитата на животната средина. Во рамките на мастер студиите на Факултетот за политички науки во Белград има посебна мастер програма со наслов Еколошка политика. Студиската програма по Еколошка политика им нуди на студентите можност да истражат на каков начин политичките, економските и општествените структури реагираат на современите еколошки проблеми. Исто така, овие студии им нудат на студентите широк осврт на теоретската дебата во врска со еколошката политика, еколошката правда и еколошкото право, со што ги подготвуваат да бидат активно вклучени во процесот на креирање локални, национални и меѓународни политики што ќе се грижат за заштитата на животната средина.

Во рамките на мастер студиите по Еколошка политика, студентите слушаат два задолжителни предмета – Современа еколошка политика и одржлив развој и Еколошко право и еколошки стандарди, а имаат можност да слушаат и изборни предмети од областа. Значаен дел од мастер студиите е обврската за стручна практика, која студентите ја завршуваат во Министерството за заштита на животната средина на Република Србија.

## 6.5. Хрватска



Република Хрватска има три правни факултети лоцирани на државните универзитети во Загреб, Осиек и Риека. Во рамките на Универзитетот во Загреб функционира и Факултетот за политички студии. За потребите на оваа анализа беа проучени курикулумите на сите наведени државни факултети.

Правниот факултет во Загреб има изработено студиска програма што го опфаќа и предметот Еколошко право во рамките на петтата година од интегрираните правни студии. Предметот Еколошко право спаѓа во категоријата предмети коишто студентите ги избираат во рамките на модулот на студии предвидени во петтата година од студиите. Овој предмет се слуша во десеттиот семестар од студиите, предвидени се 30 часа предавања и консултации во текот на еден семестар и на студентите им носи 4 ЕКТС-кредити. Исто така, во рамките на интегрираните правни студии е предвиден изборен предмет со назив Европско право за климатска акција, кој студентите може да го изберат во деветтиот семестар од студиите, без оглед на модулот на студии за кој се определиле. Предметот се слуша и се полага на англиски јазик, предвидени се 30 часа предавања и консултации во текот на еден семестар и на студентите им носи 4 ЕКТС-кредити.

Предметот Еколошко право има цел да им овозможи продлабочено знаење на студентите за настанокот и развојот на еколошкото право, изучување на неговите основни принципи, домашните извори за правна заштита на животната средина, како и изучување на меѓународните и европските правила што ги регулираат прашањата поврзани со заштитата на животната средина. Предметот дава преглед на изворите на еколошкото право во Република Хрватска; преглед на граѓанско-правната, управно-правната и казнено-правната заштита на животната средина, меѓународно-правната рамка за заштита на животната средина, со посебен осврт на меѓународните правила за заштита на биодиверзитетот, заштита на природата, на шумите, на водата, на почвата, на воздухот и на морето, како и прашањата за справување со климатските промени. Литературата опфаќа неколку домашни наслови во областа на еколошкото право што се издадени во Република Хрватска во периодот од последните дваесет години, како и релевантна странска литература од оваа област.

На Факултетот за политички науки во Загреб не постојат предмети што се поврзани со еколошко право, еколошка правда или креирање еколошки политики. Фокусот на студиските програми на овој факултет е, пред сѐ, кон меѓународните односи, европските интеграции и безбедноста.

На Правниот факултет при Универзитетот во Риека, во рамките на студиската програма на додипломските студии, како и на мастер студиите, не е воведен предмет Еколошко право.

Правниот факултет во Осиек на додипломските студии по право го има предметот Еколошко право, кој е изборен предмет и на студентите им носи 3,5 ЕКТС-кредити. Предметот Еколошко право студентите може да го избираат во шестиот семестар од студиите. Овој предмет е структуриран на начин на кој студентите треба да се стекнат со знаење за настанокот и развојот на еколошкото право, изучување на неговите основни принципи, домашните извори за правна заштита на животната средина, како и изучување на меѓународните и европските правила што ги регулираат прашањата поврзани со заштитата на животната средина. Литературата опфаќа книга од домашни автори, издадена во 2003 година со наслов – Еколошко право.

Исто така, во рамките на Правниот факултет во Осиек е формирана Зелена правна клиника како посебна единица на факултетот, која функционира од 2021 година. Целта на оваа клиника е да изведува клиничка настава, со што им дава можност на студентите да бидат адекватно подготвени за активирање во областа на заштита на животната средина. Исто така, Зелената правна клиника изведува стручни и научни семинари и конференции во областа на заштитата на животната средина и воспоставува соработка со државни и образовни институции, со што се впушта во јавно дејствување и борба за поголема заштита на животната средина. Клиниката е активно вклучена во развојот и реализацијата на програмите за заштита на околината и одржлив развој, на локално и на државно ниво.

## 6.6. Црна Гора



Во Црна Гора има само еден правен факултет во Подгорица во рамките на единствениот државен универзитет – Универзитетот на Црна Гора. На првиот циклус студии нема предмет поврзан со еколошко право, додека на вториот циклус студии, на насоката Меѓународно право, се изучува предметот Меѓународно право за заштита на животната средина. Станува збор за задолжителен предмет што носи 8 ЕКТС-кредити и се изучува во третиот семестар, во последната втора година од мастер студиите. Материјата се пренесува преку 4 часа предавања и 1 час вежби неделно, а ги опфаќа главните глобални проблеми и области што ја сочинуваат животната средина, главните правни извори и принципи на правото во оваа сфера, практиката на Меѓународниот суд на правдата, Европското право за животна средина, пристап до информации и национални правни средства за заштита на животната средина. Курукулумот предвидува и симулација на случај, како и пишување правно мислење на зададена тема. Оценувањето е преку писмен колоквиум (30 поени), учество во практична настава (40 поени) и завршен испит (30 поени). Испитната литература опфаќа книга од домашен автор.

На Факултетот за политички науки нема предмети поврзани со животната средина или еколошкото право или еколошки политики, ниту на прв циклус ниту на втор циклус студии. На мастер студиите на Факултетот за политички науки нема такви предмети, а на специјалистичките и на магистерските студии на истиот факултет, на факултетската веб-страница не се прикачени студиските програми.



## 7. Заклучоци и препораки

Понудената прегледна анализа ја потврдува потребата од сеопфатно образование за заштита на животната средина, што во делот на правните факултети и на факултетите за политички науки ја потенцира потребата од образование за еколошко право и еколошка правда.

Преку образованието за еколошко право и еколошка правда, студентите треба да се здобијат со знаења и вештини за подобро разбирање на проблемите, а со тие знаења да бидат во можност да понудат можни решенија за еколошките прашања, да стекнат способност за развивање стратегии и капацитети за подобро справување со последиците од климатските промени и други промени што се резултат на промените на животната средина. Понатаму да развиваат „зелени вештини", односно начини на живеење што се одржливи и ја имаат предвид заштитата на животната средина и природните ресурси, со можност да ги изразат своите размисли, грижи и барања и да учествуваат во поширокиот домашен и меѓународен процес на одлучување за прашања во врска со климатските промени и животната средина. Затоа, еден од заклучоците на оваа анализа е – покрај усвојувањето и имплементирањето на соодветни политики и правна регулатива за заштита на животната средина, неопходна е реформа на образовните курикулуми во нашата држава и сеопфатно вклучување образовна програма за прашања поврзани со климатските промени и животната средина генерално, а особено со еколошко право и еколошка правда, со цел подигнување на свесноста за проблемите, како и за преземање соодветни акции.

Анализата ги опфати прашањата за интеграција на еколошкото право и еколошката правда во високото образование на државите од регионот и даде приказ на застапеноста на еколошкото право на правните факултети, факултетите за политички науки и факултетите за општествени науки на државните универзитети, што е сѐ уште спорадична и минимална. Анализата се фокусираше на шест држави: Албанија, Северна Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора, со цел да се нагласи нивната регионална блискост и заради можноста да понудат добри практики што можат да бидат применети во високото образование во Република Северна Македонија. Истражувањето покажа дека во двете држави членки на Европската Унија – Словенија и Хрватска, еколошкото право и еколошките политики се позасилено интегрирани во курикулумите на високото образование и се зајакнати со практична настава

преку вклученост на студентите во креирањето на еколошки политики или законодавство, како и со функционирање на зелени правни клиники, кои се од исклучително значење во стекнувањето практични знаења. Овие практики од Хрватска и од Словенија се значајни за регионот, а особено за нашата држава. Практиката за развивање практична настава преку правни клиники е усвоена и на Универзитетот во Белград, Србија, каде што Клиниката за еколошко право се покажува како значајно дополнување на курикулумот што ги поттикнува студентите да се стекнат со способност за развивање стратегии и капацитети за подобро справување со еколошките проблеми.

Од понудениот преглед во анализата, може да се заклучи дека кон прашањата поврзани со еколошкото право и еколошката правда може да се пристапи од различни аспекти, еднакво значајни за изучување на еколошкото право и еколошката правда. Поради тоа, постои можност и потреба од вклучување на оваа материја во курикулумите на додипломските студии на правните факултети и на факултетите за политички науки во нашата држава. Преку вклучување на предметот Еколошко право на правните факултети и на државните, а понатаму и на приватните универзитети во Република Северна Македонија, ќе се подигне свесноста за значењето на еколошкото право што покрива исклучително обемна материја, затоа што се однесува и на локалните и на националните, а особено на меѓународните прописи и правила поврзани со заштитата на животната средина. Вклучувањето на еколошкото право во курикулумите на додипломските студии на правните факултети треба да им даде можност на студентите за развивање способности во рамките на лимитираното знаење за животната средина, за регулирање на многубројни социополитички конфликти што инволвираат голем број заинтересирани страни во општеството – и национално и меѓународно, притоа осмислувајќи го концептот за еколошка правда. Исто така, различни аспекти на еколошкото право треба да бидат вклучени во курикулумите на различните мастер програми на факултетите, особено поради тоа што кон еколошкото право може да се пристапи од аспект на граѓанско-правната заштита на животната средина, од аспект на еколошките кривични дела, од аспект на меѓународно-правната рамка за заштита на животната средина, како и од аспект на администрацијата и административната постапка поврзана со еколошкото право.

## 8. Користена литература


1. Council Recommendation of 16 June 2022 on learning for the green transition and sustainable development 2022/C 243/01, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32022H0627%2801%29;
2. Reference Framework of Competences for Democratic Culture, initiative for education for sustainable development, https://www.coe.int/en/web/reference-framework-of-competences-for-democratic-culture/education-for-sustainable-development;
3. UNEP, Framework Model Curriculum on Continuing Legal Education In Environmental Law, https://wedocs.unep.org/bitstream/handle/20.500.11822/30989/EnvLaw.pdf?sequence=1&isAllowed=y;
4. UNESCO, Climate change communication and education, https://education-profiles.org/themes/~climate-change-communication-and-education;
5. UNESCO, Greening Curriculum Guidance, Teaching and Learning for Climate Action, https://unesdoc.unesco.org/in/documentViewer.xhtml?v=2.1.196&id=p::usmarcdef_0000390022&file=/in/rest/annotationSVC/DownloadWatermarkedAttachment/attach_import_2ca23986-f7dd-45a2-baec-0ee12dcf472c%3F_%3D390022eng.pdf&locale=en&multi=true&ark=/ark:/48223/pf0000390022/PDF/390022eng.pdf#722_24_ED_EN_int3.indd%3A.84823%3A1806;
6. UNESCO, Youth demands for quality climate change education, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000383615;
7. UNICEF Programme Brief: Harnessing the Transformative Potential of Education for Climate Change Mitigation, Adaptation and Resilience Building in Europe and Central Asia https://www.unicef.org/eca/media/32381/file/Education%20for%20climate%20change%20mitigation.pdf;
8. Берлинската Декларација за образование за одржлив развој https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000381228;
9. Глобалната стратегија за еколошка правда се достапни на: https://www.undp.org/rolhr/human-rights/environmental-justice;

10. Европска рамка за одржливи способности достапна на: https://education.ec.europa.eu/focus-topics/green-education/learning-for-the-green-transition;
11. Извештај на Интервладиниот панел за климатски промени 2023, достапен на: https://www.ipcc.ch/report/ar6/syr/downloads/report/IPCC_AR6_SYR_SPM.pdf;
12. Иницијативи за зелено образование, достапни на: https://education.ec.europa.eu/focus-topics/green-education/about-green-education;
13. Париски договор за климатски промени, достапен на: https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf;
14. План за образованието за одржлив развој https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000374802.locale=en;
15. Рамка за имплементација на образованието за одржлив развој после 2019-та https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000370215.locale=en;
16. Рамковна Конвенција на ООН за климатски промени, достапна на: https://unfccc.int/files/essential_background/background_publications_htmlpdf/application/pdf/conveng.pdf;
17. Резолуција на Генералното Собрание 70/1, од 25.09.2015, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n15/291/89/pdf/n1529189.pdf;
18. Резолуција на Генералното Собрание 70/209, од 22.12.2015, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n15/450/84/pdf/n1545084.pdf;
19. Резолуција на Генералното Собрание 74/223 https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n19/436/40/pdf/n1943640.pdf;
20. Резолуцијата на Генералното Собрание 72/222, од 20.12.2017, https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n17/466/61/pdf/n1746661.pdf;
21. Устав на РМ.